**<u>Постапка за пријава на тема за магистерски труд</u>**

Согласно член 226 од Статутот на УКИМ, пријавата за изработување на магистерскиот труд се поднесува до Научниот совет на ИЗИИС по претходно дадено позитивно Мислење од Комисијата за последипломски студии.

<u>Потребни документи за добивање Мислење од Комисијата за последипломски студии:</u>

1. Пријава за магистерски труд (наслов на темата на англиски и македонски јазик, образложение за научната оправданост на темата, план за работа и преглед на литература); пријавата се подготвува во соработка со предложениот ментор.

2. Уверение за положени испити (го издава стручната служба на ИЗИИС);

3. Копија од индекс (прва страна, запишани и заверени семестри и положени испити).

*Комплетната документација се доставува и заверува во архивската служба.*

Врз основа на поднесената пријава за магистерски труд и добиеното позитивно Мислење од Комисијата за последипломски студии, Научниот совет на ИЗИИС одлучува по пријавената тема и предлогот за ментор.

Согласно Член 228 од Статутот на УКИМ, насловот на прифатениот магистерски труд се објавува во Билтенот на Универзитетот и на инетренет страната на ИЗИИС на македонски и англиски јазик.

Студентот е должен да го изработи и предаде магистерскиот труд најдоцна во рок од една година од денот на одобрување на темата на магистерскиот труд (Член 230 став 2 од Статутот на УКИМ).

Постапката за пријава, оцена и одбрана на магистерскиот труд е пропишана во членовите 225-233 од Статутот на УКИМ и член 47 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на УКИМ.